## СВЕТСКО ПРВЕНСТВО НА ЕЛИТАТА НА КАРИКАТУРИСТИ ВО ШТУТГАРД

# ПЕТТО МЕСТО ЗА МАКЕДОНИЈА

Во организација на Светската асоцијација на карикатуристи во Штутгард, Германија, се одржа Светско првенство на елитата на карикатуристи. На поставената тема, во овој период што друго ако не - фудбалот, пристигнаа 2.700 цртежи на автори од седумдесеттина земји, кои според пропозициите требаше да се претстават со три свои оригинални дела.

Поддржани од своите фанови и оценети од "непристрасните" судии, првите три награди ги добија еден Германец, еден Израелец и еден Романец.

Нашиот карикатурист Мирослав Георгиевски - Миро ја доби петтата награда.



Светскиот македонски неделник "Македонско сонце" честитајќи му го високиот пласман во суперсилната конкуренција, го прекина во славењето и воедно во следењето на фудбалското првенство со едно провокативно прашање: "Како успеавте толку високо да се котирате кога доаѓате од држава во која речиси и нема светски фудбал, а уште помалку нозе да го тркалаат?"

Миро подготвено го дочека прашањето и одговорот беше со контрапрашање:

"А, кој вели дека фудбал се игра само со глава?"



